РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26. 02. 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 33 | | |

817

( Образец ПП......)

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата[redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Предмет: Барање за информации за туристичка такса во деновите на Зимска Приказна 2025/26

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку пари се инкасирани на име туристичка такса во деновите на Зимска Приказна 2025/26 ( од 20.12.2025 до 07.01.2026) ?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ОДГОВОР ОД ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен [redacted]ктер.

П[redacted]

**Во Битола, 26.02.2026 година .**

(доколку барањето се поднесува [redacted]ена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Сектор за финансиски прашања

Бр.11-33/2
05.03.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-32/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_____________________

Примил.

06.03.2026

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Градоначалник**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 16. 03. 2026
Орг.Един: 11 | Број: 33/3 | Прилог: | Вредност:

До
Лица за посредување при остварување на
правото за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со доставеното прашање од Ваша страна: Колку пари се инкасирани на име туристичка такса во деновите на Зимска приказна 2025/26 (од 20.12.2025 до 07.01.2026)? Ве известуваме дека:

Манифестацијата „Зимска приказна" привлече голем број посетители и даде значаен придонес во туристичката понуда и економската активност во градот во празничниот период.

Во однос на средствата инкасирани по основ на туристичка такса за периодот од 20.12.2025 до 07.01.2026, појаснуваме дека согласно законската регулатива, обврзниците туристичката такса ја пријавуваат и уплатуваат во законски утврдени рокови, што значи дека дел од уплатите се реализираат и во месеците по остварениот престој.

Поради ова, во моментот не е можно прецизно да се издвојат само уплатите што се однесуваат на наведениот период.

Со почит,

Градоначалник на општина Битола
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mkwww.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**

**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-33/4
16.03.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **26.02.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-33/2026** од **26.02.2026 година**, каде бара информација колку пари се инкасирани на име туристичка такса за деновите на Зимска приказна 2025.2026.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-33/2026 на ден 26.02.2026 година. Во барањето наведе дека бара информација колку пари се инкасирани на име туристичка такса за деновите на Зимска приказна 2025.2026.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-33/1 од 26.02.2026 год.
2.Допис до одделение за јавни набавки со бр. 11-33/2 од 05.03.2026 год.
3.Одговор од одделение за јавни набавки со бр.11-33/3 од 16.03.2026

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 16.03.2026 година, под бр. 11-33/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •